С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

излегува по потреба

Број 9 година XLVIII
13 Јули 2012

142.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за УЕ 1, УБ 10 помеѓу ул.„Борис Трајковски“, ул.„Андон Шурков“, ул.„АСНОМ“, ул.„Крсте Мисирков“, КО Велес, Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за УЕ 1, УБ 10 помеѓу ул.„Борис Трајковски“, ул.„Андон Шурков“, ул.„АСНОМ“, ул.„Крсте Мисирков“, КО Велес, Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/1
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за УЕ1, УБ10 помеѓу ул. „Борис Трајковски“, ул.„Андон Шурков“, ул.„АСНОМ“, ул. „Крсте Мисирков“, КО Велес, Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт-детален урбанистички план за УЕ1, УБ10 помеѓу ул. „Борис Трајковски“, ул.„Андон Шурков“, ул.„АСНОМ“, ул.„Крсте Мисирков“, КО Велес, Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт-деталниот урбанистички план за УЕ1, УБ10 помеѓу ул. „Борис Трајковски“, ул.„Андон Шурков“, ул.„АСНОМ“, ул.„Крсте Мисирков“, КО Велес, Општина Велес, Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3938/1
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

143.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за УЕ 1, дел од УБ 3, Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за УЕ 1, дел од УБ 3 Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/2
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање - („Службен весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за УЕ 1, дел од УБ 3, Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт-детален урбанистички план за УЕ 1, дел од УБ 3. Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт-деталниот урбанистички план за УЕ 1, дел од УБ 3, Општина Велес, Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3938/2
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

144.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проект за инфраструктура „Основен проект за фекална канализација за населено место Горно Оризари со пречистителни станици за отпадни води Зона 1 и Зона 2“ Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проект за инфраструктура „Основен проект за фекална канализација за населено место Горно Оризари со пречистителни станици за отпадни води Зона 1 и Зона 2“ Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/3
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 11.07.2012 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за утврдување на приоритет на проект за инфраструктура „Основен проект за фекална канализација за населено место Горно Оризари со пречистителни станици за отпадни води Зона 1 и Зона 2“ Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проект од областа на водоснабдувањето и одведувањето на отпадни води „Основен проект за фекална канализација за населено место Горно Оризари со пречистителни станици за отпадни води Зона 1 и Зона 2“ Општина Велес.

Член 2

Со овој изготвен проект Општина Велес ќе аплицира пред Министерството за транспорт и врски-Скопје, до Одделение за имплементација на проекти Сектор за станбени, комунални работи и инфраструктура за одобрување на средства.

Член 3

По донесувањето на оваа Одлука од Советот на Општина Велес, се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да потпише Изјава дека Општина Велес ги исполнува условите предвидени со Договорот за заем.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3938/3
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

145.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проект за инфраструктура „Основен проект за фекална канализација за населено место Горно Оризари - Зона 3 за изведба на траса на К1-2“ Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проект за инфраструктура „Основен проект за фекална канализација за населено место Горно Оризари - Зона 3 за изведба на траса на К1-2“ Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/4
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 11.07.2012 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за утврдување на приоритет на проект за инфраструктура „Основен проект за фекална канализација за Населено место Горно Оризари Зона 3 за изведба на траса на К1-2“ Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проект од областа на водоснабдувањето и одведувањето на отпадни води „Основен проект за фекална канализација за Населено место Горно Оризари Зона 3 за изведба на траса на К1-2“ Општина Велес.

Член 2

Со овој изготвен проект Општина Велес ќе аплицира пред Министерството за транспорт и врски-Скопје, до Одделение за имплементација на проекти Сектор за станбени, комунални работи и инфраструктура за одобрување на средства.

Член 3

По донесувањето на оваа Одлука од Советот на Општина Велес, се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да потпише Изјава дека Општина Велес ги исполнува условите предвидени со Договорот за заем.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3938/4
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

146.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за збратимување на Општина Велес со Општина Зеница, Федерација на Босна и Херцеговина

Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Велес со Општина Зеница, Федерација на Босна и Херцеговина, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/5
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 14, став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02),член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2012 година, донесе

ОДЛУКА
за збратимување на Општина Велес со Општина Зеница, Федерација на Босна и Херцеговина

Член 1

Со оваа Одлука Општина Велес , Република Македонија, се збратимува со Општина Зеница, Федерација на Босна и Херцеговина.

Член 2

Се воспоставуваат релации на соработка со Општина Зеница, Федерација на Босна и Херцеговина во областа на културната размена, трговската размена, локалниот економски развој и сите други области од надлежност на општините, во интерес на граѓаните на двете општини.

Член 3

Врз основа на оваа одлука и одлуката на Советот на Општина Зеница, Федерација на Босна и Херцеговина, Градоначалникот на Општина Велес и Градоначалникот на Општина Зеница ќе потпишат Договор за збратимување и взаемна соработка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3938/5
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
м-р Славчо Чадиев с.р.

147.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за пренесување на право на сопственост на недвижна ствар од Општина Велес на Општина Чашка

Се објавува Одлуката за пренесување на право на сопственост на недвижна ствар од Општина Велес на Општина Чашка, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/6
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за пренесување на право на сопственост на недвижна ствар од Општина Велес на Општина Чашка

Член 1

Со оваа Одлука се пренесува правото на сопственост од Општина Велес на Општина Чашка на следните недвижни ствари запишани во сопственост на Општина Велес на ИЛ бр.125 за КО Горно Врановци издаден од РМ Агенција за катастар на недвижности на РМ:

ЛИСТ В Податоци за згради, посебни делови од згради и други објекти и за право на сопственост

-КП бр.657, Дел-0, Адреса- село, Број на зграда- 1, со намена на зградата- Б5 (хотелски комплекси), влез- 1, Кат СУ, намена на посебниот дел од зградата ДП (деловна просторија), со внатрешна површина од 318 м2,

-КП бр.657, Дел-0, Адреса- село, Број на зграда- 1, со намена на зградата- Б5 (хотелски комплекси), влез- 1, Кат 1, намена на посебниот дел од зградата ДП (деловна просторија), со внатрешна површина од 580 м2,

-КП бр.657, Дел-0, Адреса- село, Број на зграда- 1, со намена на зградата- Б5 (хотелски комплекси), влез- 1, Кат 2, намена на посебниот дел од зградата ДП (деловна просторија), со внатрешна површина од 571 м2,

-КП бр.657, Дел-0, Адреса- село, Број на зграда- 1, со намена на зградата- Б5 (хотелски комплекси), влез- 1, Кат ПР, намена на посебниот дел од зградата ДП (деловна просторија), со внатрешна површина од 560 м2,

-КП бр.657, Дел-0, Адреса- село, Број на зграда- 1, со намена на зградата- Б5 (хотелски комплекси), влез- 1, Кат 3, намена на посебниот дел од зградата ДП (деловна просторија), со внатрешна површина од 290 м2,

-КП бр.657, Дел-0, Адреса- село, Број на зграда- 2, со намена на зградата- Б5 (хотелски комплекси), влез- 1, Кат ПР, намена на посебниот дел од зградата ДП (деловна просторија), со внатрешна површина од 220 м2,

-КП бр.657, Дел-0, Адреса- село, Број на зграда- 2, со намена на зградата- Б5 (хотелски комплекси), влез- 1, Кат СУ, намена на посебниот дел од зградата ДП (деловна просторија), со внатрешна површина од 59 м2.

Член 2

Пренесувањето на правото на сопственост од Општина Велес на Општина Чашка, на недвижната ствар опишана во член 1 од оваа Одлука ќе ја спроведат градоначалниците на Општина Велес и Општина Чашка.

Член 3

Оваа Одлука за пренесувањето на правото на сопственост влегува во сила нередниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3938/6
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

148.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во с.Башино Село

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во с.Башино Село, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/7
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 4, став 1 и член 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.66/04, 55/07,145/10), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката на водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл.весник на РМ“ бр.152/07), член 3 од Одлуката за утврдување на листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфрструктурни објекти во град Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 05/08) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2012 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во с.Башино Село

Член 1

Во Одлуката за определување на имиња на улици во с.Башино Село- Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 07/12) се врши изменување и дополнување и тоа: во „точка 2 зборовите „ Андреја Петковић “ се бришат и се заменуваат со зборовите„Браќа Петковић“.

Понатаму во точка 3, зборовите „Константин Петковић“се бришат и се заменуваат со зборовите„Ристо Папазов“.

Член 2

По донесувањето на Одлуката од Советот на Општина Велес, истата ќе биде доставена до Централниот регистар на РМ за доделување на матичен број на новоименуваните улици и вршење на упис на податоците во електронскиот регистар.

Член 3

Матичниот број што ќе го добие улицата, ќе биде евидентиран во електронската евиденција која што ја води Општината.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3938/7
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

149.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување Извештај за работењето на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ за период од I-III месец 2012 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ за период од I-III месец 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/8
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 40/06, 22/07 и 83/09), член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Извештај за работењето на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ Велес за период од I-III месец 2012 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работењето на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ Велес за период од I-III месец 2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3938/8
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

150.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за усвојување Елаборат за процена на штета од елементарна непогода пожар и невреме силен ветар со дожд во Општина Велес

Се објавува Заклучокот за за усвојување Елаборат за процена на штета од елементарна непогода пожар и невреме силен ветар со дожд во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/9
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 146, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04 ..... 124/10), а согласно единствената Методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди („Сл.весник на РМ“ бр.75/01) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Елаборат за процена на штета од елементарна непогода-пожар и невреме силен ветар со дожд во Општина Велес

1. Советот на Општина Велес го усвои Елаборатот за проценка на штета од елементарна непогода-пожар и невреме силен ветар со дожд во Општина Велес.

2. Елаборатот за проценка на штета да се достави до сите надлежни органи за постапување по истиот.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3938/9
12.07.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

151.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за прифаќање Иницијатива за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план за дел од УБ 25,УБ 26, УЕ III, УБ 34, УЕ V, Општина Велес

Се објавува Решението за прифаќање Иницијатива за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план за дел од УБ 25, УБ 26, УЕ III, УБ 34, УЕ V, Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/10
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз онова на член17-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 60/11-пречистен текст), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за прифаќање на Иницијатива за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план за дел од УБ 25, УБ 26 -УЕ III и УБ 34- УЕ V, Општина Велес

1. Советот на Општина Велес, ја прифаќа Иницијативата за изменување и дополнување на Генералиот урбанистички план за дел од УБ 25, УБ 26 -УЕ III и УБ 34-УЕ V,Општина Велес, поднесена од Петре Леов, Јосиф Манев и Драган Димов од Велес.

2. Изработката на целокупната планска докуметација ќе се врши со финансирање од страна на подносителите на иницијативата.

3. По добивањето на ова решение, подносителите на иницијативата ќе бидат задолжени да започнат со подготовка на Планска програма согласно член 5, алинеја 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4. Постапката за изменување и дополнување на ГУП-от ќе се смета како започната постапка, откако Планската програма од точка 3 на ова Решение изработена од подносителите ќе биде одобрена од страна на Градоначалникот на Општина Велес.

5.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3938/10
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

152.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес

Се објавува Решението за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/11
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10), а согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2012 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.19/11 и 03/12),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 11.07.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

1. На Зоран Петровски од Велес, му се одобрува еднократен надоместок во висина од 20.000,оо денари, за санирање на штета направена од одрон на карпа на потпорен ѕид.

2. На Зено Балтиќ од Горно Оризари-Велес му се одобрува еднократен надоместок во висина од 20.000,оо денари, за санирање на штета направена од пожар.

3. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2012 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни разерви (разновидни расходи).

4. Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да го изврши наведеното решение преку Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот при Општина Велес.

5. Ова Решение влегува во наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3938/11
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

153.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за разрешување членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, претставници на Општина Велес

Се објавува Решението за разрешување членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, претставци на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/12
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 124, став 2 и 3 од Законот за основното образование („Сл.весник на РМ“ бр. 103/08……156/11) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, претставници на Општина Велес

1. Соња Стумбова и Тања Чипевска, претставници на Општина Велес, се разрешуваат од должноста членови на Училишниот одбор на ССОУ „Коле Недлковски“ Велес.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3938/12
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

154.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за именување членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, претставници на Општина Велес

Се објавува Решението за именување членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, претставци на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 11.07.2012 година.

Број 08-3960/13
13.07.2012 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 124, став 2 и 3 од Законот за основното образование („Сл.весник на РМ“ бр. 103/08 ..... 156/11) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 11.07.2012 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Недлковски“, Велес, претставници на Општина Велес

1.За членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, претставници од Општина Велес се именуваат:

-Соња Стумбова
-Ефтимија Југова

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3938/13
12.07.2012 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

142 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за УЕ 1, УБ 10 помеѓу ул.„Борис Трајковски“, ул.„Андон Шурков“, ул.„АСНОМ“, ул.„Крсте Мисирков“, КО Велес, Општина Велес**

О Д Л У К А за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за УЕ1, УБ10 помеѓу ул. „Борис Трајковски“, ул.„Андон Шурков“, ул.„АСНОМ“, ул. „Крсте Мисирков“, КО Велес, Општина Велес

143 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за УЕ 1, дел од УБ 3, Општина Велес**

О Д Л У К А за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за УЕ 1, дел од УБ 3, Општина Велес

144 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проект за инфраструктура „Основен проект за фекална канализација за населено место Горно Оризари со пречистителни станици за отпадни води Зона 1 и Зона 2“ Општина Велес**

О Д Л У К А за утврдување на приоритет на проект за инфраструктура „Основен проект за фекална канализација за населено место Горно Оризари со пречистителни станици за отпадни води Зона 1 и Зона 2“ Општина Велес

145 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проект за инфраструктура „Основен проект за фекална канализација за населено место Горно Оризари - Зона 3 за изведба на траса на К1-2“ Општина Велес**

О Д Л У К Аза утврдување на приоритет на проект за инфраструктура „Основен проект за фекална канализација за Населено место Горно Оризари Зона 3 за изведба на траса на К1-2“ Општина Велес

146 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за збратимување на Општина Велес со Општина Зеница, Федерација на Босна и Херцеговина**

ОДЛУКА за збратимување на Општина Велес со Општина Зеница, Федерација на Босна и Херцеговина

147 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за пренесување на право на сопственост на недвижна ствар од Општина Велес на Општина Чашка**

О Д Л У К А за пренесување на право на сопственост на недвижна ствар од Општина Велес на Општина Чашка

Бр на акт **Страница**

148 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во с.Башино Село**

О Д Л У К Аза изменување и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во с.Башино Село

149 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување Извештај за работењето на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ за период од I-III месец 2012 година**

З А К Л У Ч О Кза усвојување Извештај за работењето на Јавното комунално претпријатие „Дервен“ Велес за период од I-III месец 2012 година

150 **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Елаборат за процена на штета од елементарна непогода пожар и невреме силен ветар со дожд во Општина Велес**

З А К Л У Ч О К за усвојување Елаборат за процена на штета од елементарна непогода-пожар и невреме силен ветар со дожд во Општина Велес

151 **З А К Л У Ч О Кза објавување Решение за прифаќање Иницијатива за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план за дел од УБ 25,УБ 26, УЕ III, УБ 34, УЕ V, Општина Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за прифаќање на Иницијатива за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план за дел од УБ 25, УБ 26 -УЕ III и УБ 34- УЕ V, Општина Велес

152 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

153 **З А К Л У Ч О Кза објавување Решение за разрешување членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, претставници на Општина Велес**

З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, претставници на Општина Велес

154 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за именување членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, претставници на Општина Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за именување членови на Училишен одбор на ССОУ „Коле Недлковски“, Велес, претставници на Општина Велес

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00